МQS
Partner of Quality Austria

Бр./Nr 12-2159/2

20-07-2020 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава за корупција доставена од подносителот --------------- ------- од -------, на 31-та седница, продолжение одржано на ден 16.07. 2020 година донесе

**Одлука**

Пријавата за корупција бр. 12-3650/1 од 24.07.2019 година доставена од подносителот --------------- ------- од --------,, **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за надлежно постапување во предметот со број 12-3650 од 2019 година кој е оформен врз основа на доставена пријава со број 12-3650/1 од 24.07.2019 година.

Предметот со број 12-3650 од 2019 година, да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на Државната комисија, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-3650 од 2019 година е оформен врз основа на доставена пријава со број 12-3650/1 од 24.07.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата доставена од подносителот --------------- ------- од --------,.

Во доставената пријава се изнесени наводи за незадоволство од постапувањето на Основниот суд Велес во постапка за делба на заеднички имот по поднесен предлог за физичка делба на недвижен имот, водена помеѓу законски наследници на имот на кој правото на сопственост го добиле врз основа на договор за подарок од 1983 година. На ден 09.06.2020 година до ДКСК доставена е ургенција од страна на подносителот, заведена под архивски број 12-2159/1 од 09.06.2020 година.

При разгледувањето на предметниот случај Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) ги зема во предвид предметните наводи и по извршените проверки се констатира следното:

-во предметниот случај се работи за постапка за делба на заеднички имот помеѓу законски наследници на имот на кој правото на сопственост го добиле врз основа на договор за подарок од 1983 година,

- законските наследници, чичко и внук - сосопственици на имотот, не можеле меѓусебно да постигнат согласност во однос на делот што физички им припаѓал, па од страна на подносителот на

пријавата бил поднесен предлог за физичка делба на истиот заради определување на реалните делови на носителите на правата на сопственост,

-по поднесениот предлог за физичка делба на недвижен имот, било постапено и била водена судска постапка во која било донесено решение од Основен суд Велес со кое Судот утврдил дека физичката делба била можна и истата била извршена согласно *постигнатата согласност* помеѓу странките за начинот на делбата,

- подносителот го примил Решението од својот полномошник адвокат на ден 12.02.2019 година, на решението немало судски печат и заверка и во него била дадена со правна поука дека против решението учесниците имале право на жалба во рок од 15 дена по приемот, до Апелациониот суд во Скопје,

- извршена е проверка на веб страницата на Агенција за катастар на недвижности, и констатирано е дека предметниот имот бил евидентиран во евиденцијата согласно судското наведеното судско решение и истиот бил запишан во ИЛ бр. 9489 КО Велес на лицата -------------- ------- - -------- со право на сосопственост и во ИЛ бр. 26317 КО Велес на име на -------------- ------- со право на сопственост

- помеѓу наследниците продолжиле несогласувањата, па подносителот на пријавата се жали дека од страна на неговиот внук му бил затворен патот со ископ од земја и тој немал влез на неговиот дел од парцелата, па сега не се согласува со направената делба – замена на деловите од земјата и бара да се разгледаат документите од оригиналниот договор и сака делбата да биде извршена со ждрепка.

По разгледување на наводите содржани во пријавата и со оглед на погоре констатираното, ДКСК утврди дека пријавата не содржи елементи кои укажуваат на злоупотреба од страна на службени лица, на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг. Во конкретниот случај, констатирано е дека станува збор за граѓанско имотен спор за делба на заеднички имот по кој била водена вонпарнична постапка пред надлежен суд во 2018 година и во кој подносителот можел да ги искористи понудените правни лекови и во законски предвидениот рок да поднесе жалба до повисокиот суд – Апелационен суд Скопје. Согласно со констатираното, Државната комисија оцени дека нема законски основ за свое надлежно постапување по овој предмет.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 16 јули 2020 година под бр. 12 - 2159/2**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Биљана Ивановска**

Доставено до :
- Архива и Подносител

По заклучок на ДКСК Изработил: Јасминка Цветковска, Советник
Одобрил: м-р Владимир Георгиев, Член на ДКСК

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk